Сања Јов. [illegible]
13. 03. 26

Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката
СКОПЈЕ

| Примено: | 13-03-2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 1446/1 | | |

WebMail

sanja.jovanovic@adsdp.mk | Help | Log Out

Mail Addresses Options

Mail Accounts

Choose an Action | Find Emails | Advanced Search | White List

- Inbox 33
- Drafts
- Sent Items
- Trash 9

My Mail Folders

- Junk E-mail
- Spam

Capacity
1.2 GB / 2.0 GB

<< Back to Inbox

## Предмет: Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер – документација создадена или примена по раскинување на Договорот за закуп за објектот на ул. „Широк Сокак“ бр. 42-А, Битола

From: [redacted]@gmail.com]
Date: 12/03/2026 23:34
To: <sanja.jovanovic@adsdp.mk>, <elena.drangovska@adsdp.mk>
Cc:
Attachments: Известување за раскинување на договор за закуп.pdf (184.8 KB) Remove

Reply | Reply All | Forward | Flag | Delete
Add Contacts | Create Community | Filter Junk Mail | Show All Headers | Print View

**ОД:**
[redacted] – сосопственик на куќа и двор на ул. [redacted], Битола
[redacted] – сосопственик на куќа и двор на ул. [redacted] Битола
[redacted] – сосопственик на куќа и сопственик на наследно право на двор на ул. [redacted], Битола
(Горенаведените се сосопственици заедно со Република Македонија на двор од куќа врз кој се наоѓа објект со кој стопанисува АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – АДИССДП)

**ДО:**
АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката (АДИССДП)
ул. „Орце Николов“ бр. 138
1000 Скопје
Копија до: АДИССДП – Подружница Битола

**Предмет: Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер – документација создадена или примена по раскинување на Договорот за закуп за објектот на ул. „Широк Сокак“ бр. 42-А, Битола**

Почитувани,

Врз основа на член 2, член 16, член 18 и член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ние како сосопственици на КП 11502, КО Битола 3, ИЛ 15592, бараме пристап до документацијата создадена или примена по раскинувањето на Договорот за закуп за објектот на ул. „Широк Сокак“ бр. 42-А, Битола.

Како маркер за бараниот период, во прилог го доставуваме Известувањето за раскинување на Договорот за закуп, наш знак 11-895/5 од 03.11.2025 година.

Бараме да ни бидат доставени копии од:

1. Записникот од извршителот, доколку е составен, како и секој акт поврзан со постапувањето на извршителот;
2. Записникот од примопредавање на објектот, доколку е составен;
3. Сите поважни документи, акти, дописи, известувања и записници создадени или примени по 03.11.2025 година, а кои се однесуваат на раскинувањето на договорот за закуп, иселувањето на закупецот, примопредавањето на објектот, како и фактичката и правната состојба на објектот по раскинувањето.

Доколку некој од бараните документи не може да ни биде доставен, бараме одбивањето да биде во писмена форма, со точна законска основа, правно образложение и наведување на лицето или органот што ја донел одлуката.

Форма на доставување: Бараме документацијата да ни биде доставена во електронска форма на нашите е-пошти, во законскиот рок.

Reply to Sender | Cancel

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт.фах 474 тел: 3111-387

| наш знак | Ваш знак | дата |
|---|---|---|
| 03-778/1 | 03-1396/2 | |
| 03-778/6 | | 23-03-2026 |

До:
[redacted],[redacted],[redacted]
Ул:„[redacted]" бр:[redacted]
Битола

**Предмет:** Доставување одговор по Барање информација согласно законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје

Врска: арх.бр 03-1446/1 од 13.03.2026 година,

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр.101/2019) во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација

Службено лице за посредување при остварување
на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер
во отсуство на службеното лице Елена Дранговска
Сања Јовановиќ Дамјановска

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

| наш знак | ваш знак | дата |
| --- | --- | --- |
| 02-778/5 | | |

23-03-2026

Врз основа на член 20 и член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019) Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката- Скопје, а во врска со барањето арх.бр.03-1446/1 од 13.03.2026 година го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

1.**Се прифаќа** барањето арх.бр. 03-1446/1 од 13.03.2026 година за пристап до информација од јавен карактер, а се однесува на документација создадена или примена по раскинување на Договор за закуп на објект на ул:„Широк Сокак", бр. 42-а, Битола.

2.Ова решение стапува на сила со денот на донесување

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во врска со Вашето барање наш арх.бр. 03-1446 /1 од .13.03.2026 година за пристап до Информации од јавен карактер, а се однесува на документација создадена или примена по раскинување на Договор за закуп на објект на ул:„Широк Сокак", бр. 42-а, Битола.
согласно информациите добиени од Подружница Битола Ви го доставуваме следниот одговор:

По однос на претходно доставените барања од Ваша страна, Подружница Битола веќе постапила и Ви ја има доставено следната документација:"

1. Одговор на информација од јавен карактер бр. 03-718/2 од 08,07,2025 год. со пропратна документација :

- Договор за закуп на деловен простор со бр.11-953/3 од 28,09,2022 г.со ОДУ бр.261/2022 солемнизиран кај нотар Билјана Дамјановска Јанчевска
- Согласност за вршење промена во деловниот простор бр. 11-2755/2 од 16.05.2025.година
- Согласност бр.11-1992/2 од 08,04,2024год.
- Службена Белешка за состојба на деловен простор на ул М.Тито бр.42 А бр.11-632/1 од 02,06,2025 год.
- Известување до Бисера Комерц Дооел бр.11-431/8 од 03.06.2025година
- Записник за примопредавање на деловен простор на ул М.Тито бр.42 А, со арх.бр. 11-959/4 од 17,10,2022 год.
- Имотен лист бр.15592 КО Битола 3 од 01,02,2024 год.
- Известување за раскин на Договор за закуп со Дооел Бисера Комерц- Игор Божиновски со бр.11-895/5 од 03,11,2025 год

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

По однос на Вашиот допис – Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, во врска со деловниот простор на ул. „Широк Сокак“ бр. 42-а, Ви го доставуваме Записникот за испразнување на недвижност И.бр. 934/2025 од 25.02.2026 година, изготвен од извршител Елена Стрезоска.

**Прилог:** Записник за испразнување на недвижност И.бр.934/2025 од 25,02,2026 год од Извршител Елена Стрезоска.

Службено лице за посредување при остварување
на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер
во отсуство на службеното лице Елена Дранговска
Сања Јовановиќ Дамјановска